Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 40-та седница одржана на 20.10.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-3856/1 од 18.10.2022 година за поведување прекршочна постапка против Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ ТВ 21-М за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-3762/1 од 07.10.2022 година на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување член 53 став 2 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 23 септември 2022 година, во говорната-шоу програма со забавна медиумска функција „Pastel“, беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација на козметичките производи од „JM Органикс“.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-3850/6**

**21.10 2022 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**